Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 20/0306
22.01 20 20 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јануари 2020 година, врз основа на примена жалба од Зоран Иванов, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Нова ТВ“, со текстот насловен „Разузнавачот Иванов тајно побегна во Турција“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 1.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 19 декември 2019 година, поранешниот директор на Агенцијата за разузнавање, Зоран Иванов, поднесе жалба за текстот со наслов „Разузнавачот Иванов тајно побегна во Турција", објавен на 9 декември 2019 година, на интернет - порталот „Нова ТВ" (www.novatv.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност во информирањето, клевета и наменско манипулирање, без да му се даде можност на жалителот да одговори на прашањата поврзани со темата.

Подносителот на жалбата, Зоран Иванов, појаснува дека не му било дадено доволно време да одговори на прашањата испратени преку електронска пошта од новинарот, односно дека прашањата ги добил во 18.57 часот вечерта, а авторот, без да посочи временски рок за одговори, текстот го објавил следниот ден наутро.

Иванов категорично ги отфрла наводите во текстот дека побегнал од државата, туку дека имал уредно издадено одобрение од Генералштабот за неплатено отсуство за да биде ангажиран на меѓународен проект за академско постдокторско надградување. Според Иванов, тоа лесно можело да се провери од Решението на АРМ за неплатено остуство.

*„Податоците за мои контакти со наведените лица, места и настани се манипулирани и пристрасно презентирани за да се добие сензација. Особено внимание заслужува неточниот податок и клеветата: „Иванов е потенцијална опасност по безбедноста". По направените консултации со адвокати и правни лица, ваквата клевета преставува стабилна основа за поведување на судски процес против новинарот и медиумот"*, посочува поранешниот директор на Агенцијата за разузнавање во поднесената претставка.

Иванов, меѓу другото, во поднесената жалба наведе дека одбива каков било процес на медијација или помирување со медиумот и, во исто време, побара интернет – порталот „Нова ТВ" да му се извини и да го повлече оспорениот текст.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Нова ТВ" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Авторот на оспорениот текст, Љубиша Арсиќ, одговори на наводите на жалбата.

Тој смета дека претставката е неоснована, зашто, како што посочува, жалителот Иванов упорно ги игнорирал неговите прашања, а во исто време одлучил да поднесе жалба дека не му било овозможено да ѝ одговори на јавноста. Во прилог на одговорот на наводите на жалителот, Арсиќ приложи и електронската комуникација со поранешниот директор на

Агенцијата за разузнавање. Тој во неа појаснува дека мејлот со поставени прашања до него не бил испратен доцна навечер, како што тврди Иванов. Арсиќ додава дека и во случај жалителот навистина да не успеал да даде свој став до објавувањето на текстот тоа можел да го направи уште истиот ден или во деновите потоа.

*„Сега имаме ситуација во која ние три седмици ги чекаме вашите одговори, а вие наместо да ни одговорите, поднесувате жалба за нефер известување, а притоа упорно ги избегнувате нашите прашања“*, пишува авторот на текстот во комуникацијата со Иванов.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јануари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

При своето одлучување, Комисијата утврди дека оспорениот текст произлегува од јавниот интерес и дека се работи за сериозна аналитичко - истражувачка сторија која отвора низа прашања и дилеми за активностите и работата на поранешниот директор на Агенцијата за разузнавање, Зоран Иванов. Членовите на Комисијата се согласија дека и поранешните функционери, како и актуелните, подлежат на строг јавен надзор и не смеат да бидат поштедени од теми за кои јавноста има право да биде информирана.

Сепак, Комисијата заклучи дека авторот можел и требало, но не му дал доволно време на поранешниот функционер Иванов да одговори на новинарските прашања. Ова уште повеќе што се работи за корпус од деликатни прашања (во кои имаше увид Комисијата), за активностите и работата на поранешниот директор на Агенцијата за разузнавање. Комисијата утврди дека подносителот на жалбата ги добил прашањата по електронски пат на 8 декември 2019 година, во 18.56 часот, а новинарот текстот го објавил следниот ден во

13.16 часот. Став на Комисијата е дека, во случајов, новинарот требало да му даде повеќе време на жалителот да одговори или, пак, во електронската комуникација со него да постави разумен рок за одговор на прашањата, наместо авторот да дава сопствени заклучоци и коментари, како во следната реченица од текстот:

***„Му испративме десетина прашања, но до објавување на текстот не добивме одговори, што може да се смета за очекувано.“***

Оттука, Комисијата најде дека во текстот на интернет – порталот „Нова ТВ“ е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, отстапка која особено е нагласена во насловот, еден од поднасловите и во следните реченици од новинарскиот производ:

***„Разузнавачот Иванов тајно побегна во Турција“.***

***„Иванов е потенцијална опасност по безбедноста“.***

***„Под нејасни околности за македонската јавност, но и за неговите претпоставени во Генералштабот (ГШ) на Армијата на Република Северна Македонија (АРСМ) каде што му беше последната работна позиција, тој ја напуштил државата. Зошто Иванов отпатувал тајно и се сокрил од генералите во АРСМ и од Министерството за одбрана?“***

Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Изборот на фактите мора да обезбеди објективна информација и согледување на сите значајни аспекти на темата за која се говори. Потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилноста и професионалноста на прилогот, особено кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет-порталот „Нова ТВ“ (www.novatv.mk),во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595